**ГРАД СКОПЈЕ**
СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНИ РАБОТИ

Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило (" Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр. 08/14, 04/19, 07/19 и 1/21), по барање на **ЕВН Македонија АД – Скопје**, за интервенција врз зеленилото, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1.**СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење на висока вегетација, и расчистување на самоникната нискостеблеста вегетација во Парк шумата ,,Водно,, на потегот од детска болница Козле до Средно Водно и до крст Водно, како и потегот од Средно Водно до Етно село, Горно Нерези , заради обезбедување сигурносно растојание од 10kV вод од навлезената вегетација по СН надземен далекувод (согласно записникот бр. 14-6/143/1 од 27.03.2023 година.)

2.Кастрењето, ќе го организира барателот, под надзор од ЈП "Паркови и зеленило" и истото ќе се реализира исклучително во насока на обезбедување на сигурносно растојание од 10kV вод од навлезената вегетација во должина од 3 метри. Кастрењето мора да се изврши стручно, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети, најдоцна во рок од 60 дена, од правосилноста на решението. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

3.Се задолжува барателот по реализација на ова Решение да изврши отстранување на исечената дрвна маса и воведување на шумски ред под надзор на ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје.

4.Се задолжува барателот да изврши компензациско садење за отстранетото зеленило во соработка и под надзор на ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 120 дена по реализација на точка 2 од ова решение.

5.Се задолжува ЈП Паркови и зеленило – Скопје во рок од 15 дена, за превземените дејствија наведени во ова решение, да изготви соодветни записници.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**ЕВН Македонија АД Скопје,** поднесе барање до Град Скопје, заведено под бр. 14-6/143 од 13.03.2023 година, за кастрење на висока вегетација и расчистување на самоникната нискостеблеста вегетација во Парк шумата Водно на потегот од детска болница Козле до Средно Водно и до крст Водно, како и потегот од Средно Водно до Етно село, Горно Нерези, заради обезбедување сигурносно растојание од 10kV вод од навлезената вегетација по СН надземен далекувод, во рамките на редовно одржување на постоечките далекуводни коридори.

Службеникот од град скопје заедно сос службеното лице од ЈП Паркови и зеленило го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација на ден 27.03.2023 година. На увидот присуствуваше и претставникот од барателот. При тоа е утврдено дека зеленилото, односно висока вегетација треба да се искастри, на локација наведена во точка 1 од диспозитивот на ова решение од безбедносни причини.

Согласно член 2 став 1 од Одлуката за прогхласување на планина Водно за Парк-шума и нејзина заштита ("Сл.Гласник на град Скопје" бр. 14/91). Во Парк шума Водно е забрането сечење, како посебен вид на заштитен режим, односно во случајот може да се дозволи само кастрење.

Исто така, Влада на РСМ има донесено Одлука за прогласување на дел од планината Водно за заштитено подрачје во категорија V – заштитен предел ("Сл.весник на РСМ" бр. 195/21). Во член 5 од Одлуката се определени границите за заштитниот предел и во случајот е утврдено дека коридорот наведен во диспозитивот на решението се наоѓа во заштитениот предел како што е утврдено со тој член.

Во член 34 став 1 од Законот за урбано зеленило ("Сл.весник на РМ" бр. 11/18 и 42/20) стои дека корнење, сечење и кастрење дрвја, грмушки и жива ограда на јавни зелени површини може да се врши ако пречат на подземни или надземни инсталации, кога постои опасност да причинат човечки или материјални штети.

Овој орган има заклучено дека поради безбедносни причини односно општиот интерес на барателот треба да му се овозможи кастрење на вегетација за да се обезбеди критичното растојание од далекуводот и при тоа на барателот, земајќи во предвид дека Парк шума Водно ужива посебна заштита, му е наметнато компензациско садење за искастреното зеленило.

Поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/143/2**
**27.03.2023** година
**С к о п ј е**

Изработил
Марија Стојановска

Раководител на Одделение
Емил Дуровиќ

**Раководител на Сектор**
Зоран Лапевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP